# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЦЕПРОСАРД ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје, април 2021

CeProSARD

# СОДРЖИНА

1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ ........ 2
2. ЦЕЛИ ........ 3
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ........ 4
4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2020 ........ 7
4.1 СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА ........ 7
4.2 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ ........ 12
4.3 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА ........ 15
4.4 ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 20
5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ ........ 25
6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ........ 26
7. ВМРЕЖУВАЊЕ ........ 28
8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА ........ 28
9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 29
9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 29
9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ ........ 29

# 1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ

Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој (ЦеПроСАРД) е невладина, непартиска и непрофитна организација која дејствува на целата територија на земјата. Организацијата е основана во 2008 година на иницијатива на група граѓани – професионалци од областа на земјоделството и руралниот развој, заштитата на животната средина, техничките струки и економските науки, кои ја идентификуваа неопходноста од комплексни општествени промени во поддршка на зачувувањето на животната средина и ублажувањето на климатските промени, со фокус на одржливиот развој.

**Визија**

Визијата на ЦеПроСАРД е да бидеме професионален и сигурен партнер во креирањето и имплементацијата на политиките за постигнување на целите за одржлив развој на национално и локално ниво, како ефективен начин за да се направат трансформациски промени кои придонесуваат за создавање подобро општествено опкружување за идните генерации.

**Мисија**

Нашата мисија е изградба на инклузивно, одржливо и просперитетно општество преку активно вклучување на граѓаните во создавањето, спроведувањето и оценката на јавните политики за одржлив раст и развој.

**Развој**

Стратешки цели на организацијата се: промовирање на инклузивно, партиципативно и репрезентативно планирање на одржливиот развој втемелено на меѓународните стандарди за човекови права; и промовирање на механизми за соработка и партнерство кои обезбедуваат ефективо учество на граѓаните во креирање, имплементација и евалуација на јавните политики за одржлив развој на национално и локално ниво.

## 2. ЦЕЛИ

Здружението на граѓани ЦеПроСАРД се стреми кон постигнување на следниве цели:

- Подобрување на капацитетите за дијалог, соработка и партнерство помеѓу граѓанското општество и јавните институции со цел да се придонесе во имплементацијата на Агендата 2030 за одржлив развој;
- Промоција на поширок граѓански ангажман во процесот на креирање политики и реформскиот процес, што ќе придонесе за одржлив развој на секторот животна средина и климатски промени и ќе има клучно влијание врз животот на граѓаните.
- подобрување на локалниот и на регионалниот развој во земјата;
- промоција и воведување на одржливи практики во развојот на руралните области и во развојот на земјоделството и производството на храна;
- промовирање на можностите за искористување на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност секаде каде што е тоа возможно;
- заштита на животната средина во согласност со начелата на одржлив развој;
- заштита на природата;
- митигација и адаптација кон климатските промени и нивното намалување;
- зачувување на културното наследство;
- интегрирање на трансверзалните теми на родови прашања, ранливи и маргинализирани групи, лица со посебни потреби во сите области на нашето делување.

# 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ

Здружението „Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој“ (ЦеПроСАРД) од Скопје дејствува преку следниве органи:

3.1. Собрание
3.2. Извршен одбор
3.3. Надзорен одбор
3.4. Советодавно тело
3.5. Извршен директор

**Организациска шема на ЦеПроСАРД**



**Собрание**

Собранието го сочинуваат **дваесет и четири члена**. Членовите дејствуваат како активни, придружни и почесни членови.

**Извршен одбор**

Извршниот одбор, како извршен орган составен од активните членови на здружението, во 2020 година работеше во состав:

- м-р Светлана Петровска, Извршен директор;
- м-р Гордана Пецељ, Директор за финансии и администрација;
- м-р. Ивана Петкановска, Програмски директор.

**Советодавно тело**

Советодавното тело е избрано од редот на експерти од соодветните области, како стручна помош за тековното работење на здружението.

**Надзорен одбор**

Надзорниот одбор како орган на Собранието е составен од тројца активни членови:

- д-р Марина Филипоска, област агробизнис и рурален развој;
- Љупка Глигорова, дипл. инженер за заштита на животна средина;
- Ангелика Ѓоргон, дипл. инж. архитект

**Извршен директор**

Извршниот директор на ЦеПроСАРД, м-р Светлана Петровска, заедно со тимот во извршната канцеларија во 2020 година учествуваше во реализацијата на одлуките на Собранието Во согласност со одлуките на Извршниот одбор, екипираше тим, кој работи континуирано на изработка на проектна документација за проекти на национално и регионално ниво. Во овој тим беа вклучени:

- м-р Светлана Петровска, дипл. град. инженер;
- м-р Гордана Пецељ, дипл. економист;
- м-р Ивана Петкановска, дипл. инж. архитект;
- д-р Марина Филипоска, област агробизнис и рурален развој;
- Теа Тевева, дипломиран економист, сектор маркетинг

**Извршна канцеларија**

ЦеПроСАРД во 2020 година работеше со седум редовно вработени лица и тоа: магистер од областа на животната средина – дипломиран градежен инженер, магистер по економија, магистар од областа на одржливиот дизајн – дипломиран архитект инженер, магистар по архитектутра – дипломиран инженер архитект, дипломиран архитект со специјалност во областа на просторното планирање, економист од областа на маркетингот, еден градежен инженер. Покрај тоа, во текот на изминатата година согласно потебите беа ангажирани и голем број надворешни соработници, како поединци или стручни тимови на експерти, во зависност од тековните и планираните активности и проекти. Реализацијата на задачите се спроведува согласно следната структура по сектори:

i. **Сектор за заштита на животната средина, раководител м-р Светлана Петровска**
   - одделение за природа;
   - одделение води и отпад;
   - одделение за индустриско загадување и ризик.

ii. **Сектор за енергија и клима – раководител, м-р Ивана Петкановска,.**

- одделение  за енергетска ефикасност;
- одделение  за обновливи извори на енергија;
- одделение за енергетска контрола.

iii. **Сектор за локален развој – раководител**
- одделение за претприемништво;
- одделение за културно наследство;
- одделение за туризам.

iv. **Сектор земјоделство и рурален развој**
- одделение за земјоделство;
- одделение за рурален развој.

v. **Сектор за социјална кохезија – раководител, м-р Светлана Петровска**
- одделение за родова еднаквост;
- одделение за поддршка на лица со посебни потреби;
- одделение за поддршка и вклучување на млади и поттикување на волонтерство.

vi. **Финансии и администрација – раководител, м-р Гордана Пецељ, економист**
- одделение за финансиско управување;
- одделение за администраттивни работи и човечки ресурси.

vii. **Комуникација и информирање – раководител, Теа Тевева, економист**

ЦеПроСАРД во 2020 година работеше на реализација на повеќе проекти и како консултант на приватниот и јавниот сектор.

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2020

## 4.1 СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА

### Проект: Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР

**Опис на проектот:** Главната цел на проектот е да го овозможи спроведувањето на процесот на деинституционализацијата на лицата со попреченост од резиденцијални институции во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата, преку обезбедување на иноватини социјални услуги.

Проектот ќе придонесе кон подобрување на условите на живеење на лицата со посебни потреби кои живеат во резиденцијални институции, преку нивно раселување во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата; ќе ги зајакне капацитетите на стручните лица кои нудат социјална грижа и нега, како што се асистенти за поддржано живеење, ќе воведе иновативни социајлни услуги во заедницата за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството и ќе ја зголеми јавната свест за прифаќање и активно вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот.

**Специфични цели:**

- Воспоставување на услови за процесот на деинституционализација;
- Раселување на лица со попреченост во во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата;
- Обезбедување иновативни социјални услуги за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството;
- Подигање на јавната свест за предностите на процесот на деинституционализација и вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот

**Целна група и крајни корисници:** лицата со попреченост и нивните семејства, единици за локална самоуправа, национални институции и ГО кои работат во областа на социјалните аспекти.

**Активности:**

- АС РМ. Проектен менаџмент и координација;
- АС1. Воспоставување услови за процесот на деинституционализација на лицата со попреченост;
- АС2. Обезбедување на услуги за живеење со поддршка во заедницата;
- АС3. Обезбедување на иновативни социјални услуги засновани на заедницата;
- АС4. Промоција и дисеминација на проектните активности и резултати

**Очекувани резултати:**

- R1. Оформени единици за живеење со поддршка во заедницата, зголемено знаење и капацитети на стручни лица - асистенти за поддржано живеење на лица со попреченост, како и подготвени лица со попреченост за процесот на деинституционализација;

- R2. Раселени корисници од резиденцијални институции во единици за живеење со поддршка во заедницата;
- R3. Развиени и имплементирани иновативни специјализирани индивидуални услуги преку окупациона хортикултурна терапнија;
- R4. Зголемена јавна свест за предностите на процесот на деинституционалнизација на лицата со попреченост и нивна активна инклузија во општествениот живот.

**Партнери на проектот:**

- Центар за промоција на земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД;
- Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија;
- ЈУ Специјален Завод Демир Капија;
- Општина Демир Капија;
- Фондација Лоза, Шведска

**Проектот се спроведува** во рамките на Акциската програма на ЕУ за поддршка во образованието, вработувањето и социјалната политика, ИПА II 2017.

**Период на спроведување на проектот:** 02.01.2020 – 01.01.2023 година

**Клучни постигнувања во изминатиот период:**

На 25.09.2020 година во Демир Капија се одржа втората од четирите предвидени Обуки за Зајакнување на вештини за услуги за поддржано живеење во заедницата, почитувајки ги сите пропишан мерките и протоколи.
Обуката се спроведуваше следејки го изработениот „Водич за зајакнување на вештини за услуги за поддржано живеење во заедницата“ од страна на стручните консултанти - дипломиран дефектолог Билјана Стерјадовска Стојчевска и дипломиран специјален едукатор и рехабилитатор Даниела Саздова, кои воедно се и предавачи на обуките.
На обуката беа опфатени теми за организација на работно место и документација на работата, здравствена заштита на корисникот на услугата живеење со поддршка, современи пристапи во давањето поддршка на корисникот на услугата живеење со поддршка, поддршка на корисникот во обавување на секојдневните активности, поддршка на корисникот во грижа за домот и околината, поддршка на корисникот за вклучување во заедницата и користење на услуги во заедницата и самозастапување.

На 26.10.2020 година во просториите на СУГС „Марија Кири Склодовска“, Скопје се одржа третата од четирите предвидени Обуки за Зајакнување на вештини за услуги за поддржано живеење во заедницата, почитувајки ги сите пропишани мерки и протоколи за заштита од вирусот Ковид-19.
Обуката се спроведуваше следејќи го изработениот „Водич за зајакнување на вештини за услуги за поддржано живеење во заедницата“ од страна на стручните консултанти - дипломиран дефектолог Билјана Стерјадовска Стојчевска и дипломиран специјален едукатор и рехабилитатор Даниела Саздова, кои воедно се и предавачи на обуките.
На обуките се опфатени теми за организација на работно место и документација на работата, здравствена заштита на корисникот на услугата живеење со поддршка, современи пристапи во давањето поддршка на корисникот на услугата живеење со поддршка, поддршка на корисникот во обавување на секојдневните активности, поддршка на корисникот во грижа за домот и околината, поддршка на корисникот за вклучување во заедницата и користење на услуги во заедницата и самозастапување. Присутните на обуката беа личности од профилот

негуватели, болничари и ученици во СУГС „Марија Кири Склодовска“ на насоките негувател/болничар.

На 17 ноември преку електронската платформа ЗООМ се одржа и последната еднодневна онлајн бесплатна обука за зајакнување на вештини за услуги за поддржано живеење во заедницата.

## ЦеПроСАРД за лицата со попреченост во ЈУ СЗ ДК: Донација на средства за дезинфекција на површини и лична дезинфекција, опрема за лична заштита и УВ-Гард уред за дезинфекција на внатрешни простории

Проектниот тим на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР“, се залага заедно со глобалната заедница за придонес во спречување на ширењето на вирусот Ковид-19 и олеснување на предизвиците и потешкотиите со кои се соочува општеството во кое живееме и работиме. На 21.07.2020 год., проектот ТИМОР финансиран од Европската Унија, донираше средства за дезинфекција на површини и лична дезинфекција, опрема за лична заштита и УВ-Гард иновативен уред за дезинфекција на внатрешни простории, за ЈУ Специјалниот Завод Демир Капија, со цел да ги поддржи штитениците - лицата со попреченост, како и вработените за време на оваа криза од пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19.




Донирање на средства и опрема за дезинфекција и заштита за ЈУ Специјален Завод Демир Капија




Донирање на средства и опрема за дезинфекција и заштита за ЈУ Специјален Завод Демир Капија

## Во најтешките моменти на пандемијата со КОВИД 19 најдовме можност да помогнеме со вработување на асистенти за поддржано живеење во СЗ Демир Капија за грижа на лицата со попреченост почнувајќи од октомври 2020 до март 2021

Проектниот тим на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка“ - ТИМОР, со директна финансиска помош од страна на партнерот во проектот - Фондација Лоза од Шведска обезбеди поддршка на вработените на Специјалниот Завод Демир Капија, со времено вработување на тројца асистенти за поддржано живеење кои ќе го дополнат персоналот во Заводот во периодот  октомври - март 2020 година.
Со оваа активност е дадена директна поддршка како на корисниците, така и на вработените во Заводот, за да се олеснат предизвиците и потешкотиите во новите работни услови кои се создадени во време на оваа криза од пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19.




Поддршка на корисниците и вработените во Специјалниот Завод Демир Капија во работни услови предизвикани од пандемијата со Ковид-19 вирусот

**<u>Промоција на проектните активности:</u>**
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=580
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=576
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=574
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=573
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=572
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=568

http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=567
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=566
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=565
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=560
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=557
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=555
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=547
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=545
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=539
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=537
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=532
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=525
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=518
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=517
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=515
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=510

## 4.2 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

**Проект: Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри FRET-STIC**

**Опис на проектот:** Главна цел на проектот е развој, промоција и промоција на локалниот и регионалниот туризам преку иновативни пристапи и системи за подобрување на руралното и еколошкото искуство. Целта се постигна преку креирање на стратешки алатки кои овозможуваат подобро разбирање на барањата на посетителите, истовремено служејќи како механизми за зајакната регионална соработка помеѓу различни аспекти на индустријата, владините институции, бизнис секторот и граѓанските организации. Тоа резултира со зголемување на туристичкиот потенцијал, прилагоден на потребите на целните групи. Дополнително, проектот овозможи создавање на поволно опкружување за стратешки пристап и бенефит не само од националните и регионалните пазари, туку и од новите меѓународни пазари во туристичката индустрија.

**Целна група на проектот:** општините, владините агенции надлежни за регионален развој, туризам и култура; граѓанските организации; малите и средни претпријатија; кластери за туризам; стопанската комора и туристички информативни центри.
**Координатор на проектот:** ЦеПроСАРД
**Времетраење:** 16 мај 2018 – 15 мај 2020 (продолжен до 31 октомври 2020).
**Партнери во проектот:** Општина Тетово и Regional Development Agency South, Косово
**Проектот е финансиран од:** Европска Унија

**Активности во текот на 2020 година:**
На 10ти и 11ти март, 2020, беше организирана обука: „Обука за психологија на потрошувачите и маркетинг на социјални медиуми“ спроведена од д-р Крсте Маљановски и г-н. Јован Стоименовски, во просториите на „Смарт Билдинг Солушнс“ и траеше два дена.
Главната цел на обуката за Психологија на потрошувачите и Маркетинг на социјалните медиуми беше учесниците од Тетово и Призрен да се стекнат со основни знаења за психологијата на потрошувачите и маркетингот на социјалните медиуми што ќе им помогнат во нивните секојдневни активности со цел да разберат на што да се фокусираат при управувањето со нивната работа, особено на комуникацијата со акционерите и туристите.
Од обучувачот беа применети неколку техники кои вклучуваа прашања и одговори, спонтани групни дискусии за развивање идеи и решенија, дискусии за анализа и практично спроведување, како и презентација од компанија која се занимава со виртуелна реалност и 3Д скенирање на просторот.

На 16.03.2020 извршено е поставување на Паметен туристички инфо центар (STIC) во Тетово од страна на добавувачот Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги Алуминка ДОО експорт-импорт Скопје.

На 30.09.2020 извршено е поставување на Паметен туристички инфо центар во Превала, од страна на нашиот партнер Regional Development Agency South - RDA South, од Призрен, Косово.

На 05 – 09,10.2020, се одржа првиот дел од обуката преку ZOOM платформата, наменета за учесниците на албански јазик кои ќе бидат вработени во STIC..

Вториот дел од обуката закажан за периодот 26 – 30.10.2020, се организираше се одржа преку ZOOM платформата, а беше наменет за учесниците на македонски јазик кои ќе бидат вработени во STIC..
Програмата и распоредот за обука беа дизајнирани од ангажираниот деловен аналитичар за вработените во STIC - од секоја страна на границата – како продолжување на претходната обука „Обука за психологија на потрошувачите и маркетинг на социјални медиуми“.
Оваа обука обезбеди увид во „недостатоците“ во услужувањето на туристите, кои можат да произлезат од недостаток на човечко знаење - т.е. вработен во STIC - за дадени туристички локации (на пр. некое историско место), недостаток на информации (на пр. туристичката локација никогаш не бил евидентирана и лоцирана), недостаток на знаење за интеракција (пр. љубезно одговарање) и други слични причини. Процесот на создавање генерички деловни процеси ги идентификува сите овие недостатоци и обезбедува деловни процеси кои соодветно ги решаваат овие проблеми.
Обуката овозможи усвојување на нови, генерички деловни процеси во секојдневната работа при услужување на туристи и собирање на податоци од туристите, користење на STIC платформата, запознавање на туристичките локации во прекуграничниот регион, како и познавање од психологијата на услуги на потрошувачи.

**<u>Промоција на проектните активности:</u>**
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=397
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=401
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=405
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=406
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=409
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=413
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=416
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=437
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=443
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=446
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=450
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=452
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=461
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=486
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=493
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=500
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=502
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=528
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=530
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=538
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=569
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=571
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=575
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=578




Примопредавање на објект и опрема – Паметен туристички информативен центар во Тетово




Примопредавање на објект и опрема – Паметен туристички информативен центар во Тетово

## 4.3 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА

### Проект: ZenH Balkan - Кон нула енергетски болници во Балканскиот регион

**Опис на проектот:** Тимот на ЦеПроСАРД во декември 2017 година, во рамки на BalkanMed програмата започна со реализација на проектот Towards Zero energy Hospitals in the Balkan Region (ZenH Balkan) – Болници на Балканот со енергија близу до нула. Проектот има за цел да ја олесни имплементацијата на ревидираната директива за енергетски карактеристики на згради (Energy Performance of Buildings Directive - EPBD) преку дефинирање на карактеристики и стандарди за нулта енергетски болници во регионот на Јужен Балкан. Проектот ќе придонесе кон подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор преку подобрување на енергетската ефикасност на болниците. Болничките згради се сметаат за комплексни системи бидејќи поседуваат неколку енергетски интензивни функции (системи на греење и ладење кои треба да обезбедат строги услови на комфор, висока побарувачка за топла вода и сл.).

**Целна група:** Професионалните групи за ЕЕ и владините службеници
**Координатор на проектот:** Democritus University of Thrace, Department of Environmental Engineering
**Покрај CeProSARD партнери на проектот се и**:

1. Albaforest - Centre for Forest Studies and Consulting, Albania
2. Sofia Energy Centre Ltd, Bulgaria
3. The Cyprus Institute Ltd, Cyprus

**Проектот е финансиран од:** Европска унија преку Секретаријатот на Европската комисија, проект INTERREG, Солун - Грција**Период на спроведување:** декември 2017 – септември 2020 година;

**Активности:**
Проектот вклучува 5 земји опфатени со BalkanMed програмата, а активности се распределени во секоја земја. Прелиминарните - кратки енергетски контроли се спроведуваат во различни климатски подрачја во 5-те земји, при што партнерите од ЕУ се фокусираат претежно во болниците лоцирани во урбаните средини, додека партнерите од ИПА земјите се фокусираат на здравствените установи лоцирани во помалите заедници. Истиот пристап се применува и за стандардните енергетски контроли.

Проектниот тим на проектот Болници на Балканот со енергија близу нула - ZenH, по реализираните теренски посети на избраните објекти - Специјалната гениколошко-акушерска болница, Скопје и во Охрид - Општата болница заедно со тимот експерти во зимскиот период - продолжија со работа во дигиталната дата база на податоци и подготовка на Извештај за реализираните активности, како и активно одржуваа состаноци со останатите партнери од проектниот тим. На 27-28.01.2020 година ЦеПроСАРД беше посетен од експерти од консултантска компанија избрани од водечкиот партнер на проектот „Болници на Балканот со енергија близу нула - ZenH“. Посетата беше со цел да се разгледа извршената Енергетска контрола за избраните болници во проектот. Експертите, придружени од енергетски контролори и претставникот на ЦеПроСАРД, оствариja посета на лице место на избраните објекти во Скопје и во Охрид.

Во рамките на проектот направена е анализа на енергетската потрошувачка на болниците во Македонија, и истата покажува значителни разлики кои не се во релација со климатскиот регион. Анализата исто така покажа големи отстапувања во потрошувачка по месеци што е и за очекување; електричната енергија и нафтата се и понатаму главни енергенси во болниците (нафтата во зимските месеци бидејќи се користи за затоплување, а електричната енергија во летните месеци бидејќи се користи за разладување).
Врз основа на наодите од направените анализи и енергетски контроли на болниците, е изготвен прирачник и препораки за примена на различни технологии кои треба да ја подобрат нивната енергетска ефикасност, за да бидат болници со енергетска потрошувачка близу до нула.

На 18.12.2020 во рамките на проектот се одржа последна работилница на тема „Болници со енергија близу нула“, на која беа детално презентирани можностите за управување со енергија во болниците, примена на енергетската ефикаснсот и обновливите извори на енергија при реконструкција на болниците и резултатите од споредбените анализи на зградите со енергетска потрошувачка блиску до нула. На работилницата беше презентирана и тнр. LCCA (LifeCycle Cost Analysis) методологија која се користи за економска проценка на интервенциите на згради во јавните набавки на земјите од ЕУ.

**Промоција на проектните активности:**
https://www.cyi.ac.cy/index.php/eewrc/research-information/ongoing-research-projects/zenh-balkan-towards-zero-energy-hospitals-in-the-balkan-region.htm
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=364
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=367
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=374
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=390
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=412
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=414
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=430
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=431
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=465
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=467
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=468
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=490
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=511
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=514





Соработка на експертите од ЦеПроСАРД и од консултантска компанија избрани од

водечкиот партнер – јануари 2020







Работилница на тема „“Болници со енергија блиску до нула”, Скајп платформа - 18.12.2020

## Проект: Посилна граѓанска поддршка за ефикасна апликација на политиките од областа на енергетиката во процесот на пристапување кон ЕУ

**Опис на проектот:** Целта на проектот е да се зајакне активното учество и ангажманот на граѓанскиот сектор во спроведување активности што се од јавен интерес, а кои ќе придонесат во процесот на пристапување на земјата во ЕУ.

**Целна група:** ГО кои работат во областа на животната средина со фокус на енергетиката
**Координатор на проектот:** ЦеПроСАРД
**Проектот се спроведува** со грант од (Sida) преку проектот „Нордиска поддршка за прогрес на Северна Македонија“ кој го спроведува УНОПС (United Nations Office for Project Services)
**Период на спроведување:** Декември 2019 – Септември 2020

**Активности:**
Проектот опфати детална проценка на капацитетите на заинтересираните ГО кои работат во областа на животната средина со фокус на ЕЕ и ОИЕ, да учествуваа Со тоа се обезбедија неопходните квантитативни и квалитативни информации за потребите на ГО за обука; согласно кои беше подготвена програма за обука;
Резултатите укажаа на потреба од зајакнување на капацитетите за учество на граѓанскиот сектор: во подготовтката на националните планови за енергија и клима; подготовка на акционен план за одржлив енергетски равој и климатски промени; подготовката на планските документи за искористување на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност на национално и локално ниво; и можните механизми за граѓанско учество во планирање на развојот на енергетската ефикасност на локално ниво.

На 02-03.07.2020 преку платформата ZOOM ЦеПроСАРД спроведе онлајн обука за мониторинг, лобирање и учество во процесите поврзани со спроведување на клучните реформи во енергетскиот сектор. На обуката присуствуваа претставници на здруженија на граѓани, НВО-а, различни институции од државата и од локалната самоуправа. Обуката се изведе на темите: вклучување на засегнатите страни во подготовката на националните планови за енергетика и клима; искуства за подготвување долгорочни и интегрирани локални акциони планови за одржлив развој на енергетиката и климатските промени (SECAP) иницирани од движењето на европски градоначалници (Covenant of mayors); планирачки документи за користење на обновливи извори на енергија и енергетска

ефикасност на национално и локално ниво, и; можни механизми за вклучување на граѓаните во процесот на среднорочно планирање на развој на енергетска ефикасност, на локално ниво. Во текот на обуката учесниците дадоа голем придонес развивајќи дискусија по темите.
По обуката, на предлог на ЦепроСАРД потшишаа учесниците потпишаа Заедничка иницијатива за соработката и партнерството на граѓанските организации со националните и локалните власти во областа на животната средина и климатските промени.

На 03.09.2020, тимот на ЗГ ЦеПроСАРД, во рамки на овој проект во хотелот Александар Палас, Скопје организирашетркалезна маса на тема „"Состојби, предизвици и препораки поврзани со имплементацијата на политиките од областа на енергетиката".
На настанот свое обраќање имаа г-дин Јани Макрадули, Заменик министер за животна средина и просторно планирање, г-дин Стефан Богоев, градоначалник на Општина Карпош, г-дин Александар Наумоски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров, г-дин Нехри Емрула, директор на Агенција за енергетика, г-ѓа Елена Петкановска, консултант, г-ца Софија Богева – Скопје Лаб и г-ѓа Гордана Пецељ, проектен координатор. Активно учество на тркалезната маса земаа претставници од граѓанските организации Жетва на знаење, Алка, Флорит од Гевгелија, Екократер од Кратово, МРР, Милиеуконтакт Македонија, Центар за ресурси во животна средина (РЕЦ) – С. Македонија, Здружение Движење за одржлив социоекономски развој ГЛОБАЛ од Битола, претставници од општините Карпош, Бутел и Ѓорче Петров, од Занаетчиска комора на Република С. Македонија, Секретаријат за европски прашања, Стопанска комора како и претставници од UNDP од МЖСПП и UNOPS.
Заменикот министер за животна средина и просторно планирање, Јани Макрадули, истакна дека една од клучните компоненти во закрепнување на економијата е енергетската транзиција и дека инвестициите во енергетската ефикасност и обновливите извори, како и декарбонизација на затоплувањето, мора да бидат високо на агендата на економското закрепнување. Ја истакна потребата од квалитетен автохтон Македонски Зелен договор кој ќе ги вклучи граѓанските организации, академската заедница, приватниот сектор, државните институции и пријателите од меѓународната заедница, и ќе продуцира документ за идните генерации.
Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, се осврна на важноста од користењето на обновливите извори на енергија, промените на системот на греење во државните установи и градење на енергетски ефикасни објекти, како и напредокот на општината во таа насока.
Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, Александар Наумоски, го презентираше проектот за јавно осветлување во општината како позитивен пример и за другите општини, и дека општината веќе дава поддршка и инвестира во проекти од енергетска ефикасност во објекти на јавниот сектор и згради за колективното домување.
Г-ца Софија Богева ја претстави Заедничка иницијатива за соработката и партнерството на граѓанските организации со националните и локалните власти во областа на животната средина и климатските промени, поддржана од поголем број граѓански здруженија.
На оваа Тркалезна маса фокусот беше ставен на документот со анализа и препораки за поефективно учество на граѓанскиот сектор во спроведување на енергетските политики, кој го презентираше г-ѓа Елена Петкановска и која истакна дека дека процесот на енергетска транзиција на нашата земја кон почист и климатски неутрален енергетски сектор може да биде успешен само ако е економски избалансиран и општествено праведен, и ако целото општество стои зад него. Вклучувањето на граѓаните и граѓанските организации не е еднократен настан, туку континуиран процес, кој помага во градењето доверба на јавноста во одлуките на политичарите и го подобрување квалитетот на донесените одлуки.

**Промоција на проектните активности:**
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=507
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=509
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=524
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=544
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=546
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=553
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=554
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=558
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=562
http://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=564



Соработка со локална самоуправа во рамки на проектот



Обука за мониторинг, лобирање и учество во процесите поврзани со спроведување на клучните реформи во енергетскиот сектор преку засилување на капацитетите на македонските граѓански организации за животна средина





Соработка со граѓански организации во рамки на проектот

## 4.4 ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Проект: Чиста енергија, за чист воздух**

**Опис на проектот:** Целта на проектот е да се придонесе за одржлив развојот на Скопскиот Плански Регион преку примена на најдобрите практики за зачувување на животната средина со фокус на намалување на аерозагадувањето, преку развивање на одржливи практики за спроведување на енергетска ефикасност на објекти и користење на чиста енергија и обновливи извори на енергија. Со тоа ќе се придонесе за создавање на квалитетна и здрава животна околина за идните генерации.

**Координатор на проектот:** ЦеПроСАРД
**Период на спроведување:** октомври 2019 – март 2020
**Проектот е финансиран од:** Влада на Република С. Македонија

**Активности:**
На 16.01.2020, тимот на ЗГ ЦеПроСАРД, во рамки на проектот „“Чиста енергија за чист воздух”, организираше настан во хотел Карпош, Скопје – Тркалезна маса „Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во Скопскиот плански регион – Предлози”. Проектот се спроведува со финаниска поддршка на Владата на Р. Северна Македонија преку Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година. На настанот свое обраќање имаа г-ѓа Ана Петровска – државен секретар во МЖСПП, г-дин Нехри Емрула – директор на Агенција за Енергетика на Република Северна Македонија, г-дин Стефан Богоев – градоначалник на Општина Карпош и г-ца Теа Тевева, проектен координатор. Активно учество на тркалезната маса земаа претставници од граѓанските организации Еко свест, РЕЦ, Новинари за човекови права, претставници од општините Карпош, Бутел и Шуто Оризари како и претставници од образовните установи СГГУ „Здравко Цветковски“ и Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг при УКИМ.
На оваа Тркалезна маса фокусот беше ставен на актуелните состојби со аерозагадувањето од резиденцијалниот сектор и беа нотирани можностите за имплементација на мерки за подобрување во со цел придонес за создавање на квалитетна и здрава животна средина.
Во вториот дел од сесијата предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето придонес со своето излагање на тркалезната маса даде претставникот на бизнис секторот – Агрометал преку претставување на иновативен производ - филтер за оџак за намалување на чадните гасови во домаќинствата.
Презентациите на г-дин Игор Панчевски експерт во EBRD за GEFF програмата укажа на можноста за користење зелена енергија преку пристапни кредитни програми на банките. Г-дин Здравка Стефановски, експерт за енергетска ефикасност го претстави стартувањето на нов проект преку кој ќе се овозможи создавање на валидни и применливи програми за енергетска ефикасност за т.н MABs (multiapartment buildings) – повеќекатни згради. Целна група во овој проект се 30.000-50.000 домаќинства во Босна и Херцеговина и Република С. Македонија.
Во првата половина на месец февруари 2020, тимот на ЗГ ЦеПроСАРД, во рамки на проектот „Чиста енергија за чист воздух”, реализираше средби со директори од средните училишта во целните општини од Скопскиот Плански Регион.
Директорката на СГГУ „Здравко Цветковски” - г-ѓа Атина Томовска и г-дин Доан Сулејманоски, директор на средното општинско училиште СОУ „Шаип Јусуф” изразија

подготвеност и желба за соработка и иницијатива за организирање на заеднички настан на крајот на месец март. Овие активности проактивно ќе ги вклучат учениците од училиштата и ќе биде посветени на подобрувањето на енергетската ефикасност и користењето на обновливите извори на енергија во домаќинствата.

На 28 февруари 2020, тимот на ЗГ ЦеПроСАРД, во рамки на проектот „Чиста енергија за чист воздух", реализираше средба со директорот г-дин Димитар Ѓорѓиев, директор на средното електротехничко училиште на Град Скопје "Михајло Пупин". Г-дин Димитар Ѓорѓиев, изрази спремност за соработка со ЗГ ЦеПроСАРД и даде иницијатива за соработка при едукација на учениците во делот на подобрување на енергетската ефикасност и воведување на обновливи извори на енергија, со цел подобрување на состојбата со аерозагадувањето во градот Скопје.

На 09 март 2020, тимот на ЗГ ЦеПроСАРД, во рамки на овој проект, потпиша Меморандум за соработка со ЗГ Центар за ресурси во животна средина – РЕЦ. Овој меморандум за соработка ја уважува добрата волја и заинтересираноста на двете страни за соработка и професионалната поддршка во имплементирање на активности кои се однесуваат на спроведување на политиките од областа на заштитата на животната средина и одржливиот развој, особено во делот на воведувањето на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија во сите сектори.

На 9 април 2020, дипл. инж. Дејан Филипоски, преку дигиталната платформа ZOOM, одржа онлајн обука за следење за потребата од намалување на енергијата во домаќинствата, со цел намалување на аерозагадувањето, во организација на ЗГ ЦеПроСАРД, Скопје. Учесници на обуката беа учениците од четврта година од градежна-геодетска струка – профил: градежен техничар, во СУГС Шаип Јусуф од Скопје. Учесниците преку обуката се информираа за потребата од подобрување на енергетската ефикасност во домовите.

Втората обука преку дигиталната платформа ZOOM на тема „Намалување на аерозагадувањето со намалување на енергијата во домаќинствата", се одржа на 16.04.2020година. Оваа обука беше наменета за учениците од четврта година - профил архитектонски техничари и градежни техничари, во СГГУ на Град Скопје „Здравко Цветковски" - Скопје. Учесниците преку обуката се информираа за потребата од подобрување на енергетската ефикасност во домовите со цел да се намали потрошувачката на енергијата. Преку намалувањето на енергијата за затоплување на домовите делуваме кон намалување на аерозагадувањето – им беше укажано на учениците на обуката.

На 21.04.2020 ЦеПроСАРД ја организираше и третата обука преку платформата за онлајн следење на тема „Намалување на аерозагадувањето со намалување на енергијата во домаќинствата". Оваа обука беше одржана за учениците од втора и четврта година во СЕТУГС „Михајло Пупин". На учесниците преку обуката за подобрување на енергетската ефикасност во домовите им беа презентирани видови системи за греење, ладење, вентилација климатизација (HVAC), како и важноста за изолација на разводната мрежа за топла вода во домовите. Можностите за подобрување на енергетската ефикасност беа презентирани преку воведување на системи за мерење, регулација и автоматика и со практични примери на користење на енергетски ефикасни светилки во функција на електричното осветлување. За утврдување на термичките топлински мостови кај објектите, практично беше прикажано користењето на термална камера.

На завршниот настан на проектот организиран на 14.05.2020, беа промовирани проектните резултати во областа за намалување на аерозагадувањето во Скопскиот плански регион, како и активностите на клучните мапирани чинители во проектот на тематиката. Во воведниот дел од настанот свое обраќање имаа г-дин Јани Макрадули, заменик министер во Министерството за животна средина и просторно планирање, градоначалникот на Општина Карпош – г-дин Стефан Богоев, градоначалникот на Општина Бутел – г-дин Велимир Смилевски, како и претставник од Општина Шуто Оризари. Директорите на средните училишта СГГУГС „Здравко Цветковски“, СЕТУ „Михајло Пупин“ и СУГС „Шаип Јусуф” дадоа свој осврт на активностите на училиштата во оваа тематика и инволвираноста на учениците во проектните активности. Свое обраќање имаа и г-дин Антонио Јовановски од здружението за одржлив развој и заштита на животната средина „Go Green - Биди Зелен“, како и г-ѓа Наташа Доковска од ЗГ „Новинари за човекови права“ кои допреа до актуелни и важни теми за зелената економија и загувањето на амбиенталниот воздух. Во завршниот дел на настанот свои презентации имаа учениците од трите средни училишта, а г-дин Дејан Филипоски го презентираше изработениот Водич за енергија и животна средина и спроведените обуки во рамки на проектот.

Водичот за енергија и животна средина е достапен на македонски и албански јазик на следните линкови:
МК: https://bit.ly/3csFp1x
AL: https://bit.ly/35U5gwl

**Промоција на проектните активности:**
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=494
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=497
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=498
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=501
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=494
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=497
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=498
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=501






Тркалезна маса и завршен настан во рамки на проектот “Чиста енергија за чист воздух”





Завршен настан во рамки на проектот “Чиста енергија за чист воздух”

## ЗГ ЦеПроСАРД, дел од локалната работна група на проектот „Да го направиме греењето и ладењето за европските потрошувачи ефикасно, економски прифатливо, чисто и климатски прифатливо” – REPLACE (18)

На 12.05.2020 во организација на здружението SDEWES Скопје, се одржа првата работна средба на локалната работна група преку платформата за онлајн следење со цел детално да се презентираат целите и активностите на проектот и да се формира локална работна група.

Во работната група покрај организаторот SDEWES Скопје, со свои претставници вклучени се граѓанските организации ЗГ ЦеПроСАРД, Хабитат и ЗЛЕК и претставници од општините Карпош, Ѓорче Петров и Аеродром.

Проектот се спроведува со финансиска поддршка на ЕУ, преку Програмата „Хоризонт 2020”





Слики од работен состанок 12.05.2020





Слики од работен состанок 12.05.2020

## Изработка на документ за добивање на интегрирана еколошка дозвола „Б” за потребите на Арадико Коп ДООЕЛ

ЦеПроСАРД како консултант од областа на животната средина започна со изработка на документ за добивање на Интегрирана Еколошка дозвола „Б” за потребите на Арадико Коп ДООЕЛ увоз-извоз с. Р`жаничино - Петровец. Консултантските услуги кои се спроведуваат во текот на проектот поделени се во две фази.

**Прва фаза:** вршење проценка на постоечка состојба и,

**Втора фаза** подготвување Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето (ИСКЗ) со проценка и мерења на емисии на загадување. Во текот на оваа фаза консултантите користат сопствена мерна опрема со цел да ги обработат сите влезни податоци и да изготват студии и елаборати (поставување на проектот, вршење на калкулации и предлог мерки) во сопствените простории за работа.

**Резултат од проектот** е изготвената Проценка на животната средина и подготвување на примена за “Б“ дозвола за Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето (ИСКЗ). Документот се изработува на барање на инсталацијата Арадико.



Фотографии од терен – Декември 2020




Фотографии од терен – Декември 2020

## 5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Информации за своите активности и проекти ЦеПроСАРД ги објавува на редовно на својата веб страна www.ceprosard,org.mk и профилите на организацијата на социјалните медиуми www.facebook.com/CeProSARD/. Организацијата издава и електронски билтен на квартално ниво, кој се дистрибуира електронски на голем број корисници. Сите броеви на електронскиот билтен се достапни и на веб страната на организацијата, исто како и сие документи, публикации и промотивни материјали кои се изработуваат во рамки на тековните активност. Во зависност од потребите, информации се објавуваат и во печатените и во електронските медиуми, како и на веб-страниците на други домашни и странски организации, владини институции и невладини органицации и сл.

Информации за активностите и проектите на ЦеПроСАРД објавуваа голем број медиуми со што се постигнуваше исклучително висока информираност на целните групи и крајните корисници. Освен националните и локалните телевизии, радијата, печатените и електронските медиуми, информации беа објавувани и на веб страните на институциите, социјалните мрежи на партнерските организации и соработниците, а истите во најголем број случаи беа споделувани и од останати корисници.



https://www.facebook.com/CeProSARD/photos/3687636754589328/




http://opstinagpetrov.gov.mk/проектот-replace-ќе-помогне-за-примена-на/



http://opstinagpetrov.gov.mk/соработка-и-партнерство-на-граѓански/




https://makfax.com.mk/makedonija/специјалниот-завод-демир-капија-доби/






3ти Декември - Меѓународен ден на лицата со попреченост на националната телевизија Сител

## 6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во 2020 година, тимот на ЦеПроСАРД работеше на сопственото зајакнување на капацитетите со тоа што вработените во ЗГ ЦеПроСАРД работеа на своето усовршување во областа во која работи и активно учествуваа на обуките:

- На 24 март 2020, тимот на ЗГ ЦеПроСАРД со свои претставници учествуваше на онлајн обука на Отворената сесија за конкурсите за грантови на ЕУ, во организација на ПроЕфект, Скопје.
- Работилница за „Механизмите на финансиска поддршка од ЕУ“, организирана од Делегацијата на Европската Унија
- „Градење технички капацитети за биодиверзитет на сите нивоа во РСМ“, насочена кон промовирање на добри меѓународни практики и поддршка на институциите да градат капацитети за проценка и управување со проблемите со биолошката разновидност, организирана од "Hardner & Gullison Associates, LLC“ која е ангажиран консултант за „Програма за градење технички капацитети за биодиверзитет на сите нивоа во РСМ“, од Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР);
- Работилница на засегнатите страни за изработка на 6-тиот Национален извешта кон Конвенцијата за биолошка разновидност, организирана од имплементационата агенција УНЕП и локалната НВО ЕССА СИНЕРГИ;
- Програма за зачувување на природата во РСМ во чии рамки се одржа обука за јакнење на капацитетите на заинтересирани страни за концептот за екосистеми и екосистемски услуги, организирана од: Фармахем – Скопје, HELVETAS Swiss Intercooperation
- Справување со климатските промени „Информативна сесија за подготовка на проектна апликација за зајакнување на капацитетите за прилагодување на човечкиот капитал кон климатските промени”. Ова информативна сесија се одржа во организација на Кабинетот на Заменичката на претседателот на Владата задолжена за економски прашања, во улога на Национално назначен орган за Зелениот климатски фонд, во соработка со Германското друштво за соработка во државата, каде се разгледуваа можности за поддршка на институциите кои се директно

насочени кон поддршка на човечкиот капитал од аспектите на климатски промени, односно секторите здравство, образование и ранливи групи на граѓани.

- Усовршување на вештините за лобирање и застапување, преку обука за изготвување на кратки документи за политики. Во рамките на проектот за Јакнење на капацитетите на членките, во организација на МРР, претставник од ЗГ ЦеПроСАРД учествуваше на online обука за подготовка на кратки документи за јавни политики, како алатка за лобирање и застапување.
- Обука за усовршување и спроведување на процедурите за работа на организацијата, во организација на МРР. За време на обуката беа изработени: Процедура за работното време и распределување на работното време; Процедура за водење на проект; и Процедура за волонтерство. Овие изработени документи веднаш влегоа во примена во здружението.
- Обука „Да се оди по патот”, во организација на МЦМС, која се однесуваше на транспарентно управување со проектен циклус.
- Претставник на ЦеПроСАРД учествуваше на семинарот „The momentum for a Balkan New Green Deal and Just Recovery”, кој се одржа на 23 јули 2020 година на платформата ZOOM, во организација на FriedrichEbertStiftung Dialogue Southeast Europe. На оваа дигитална дискусија посветена на важноста на активистичкото вмрежување, координираните платформи за акција и потребата од Балкански зелен договор и план за закрепнување, се разговараше за барањата за постигнување на инклузивни, правични и подемократски општества.
- Обука за зајакнување на капацитетите на претставниците на граѓанските организации за Законската регулатива за животна средина во РСМ и учеството на јавноста во донесување на одлуки организирана од страна на Здружението за одржлив развој „Милиеуконтакт Македонија“, во соработка со Здружението на инженери за животна средина „Развојна Програма“, во рамки на проектот „Градење на капацитетите на граѓанските организации за животна средина за зголемување на демократските процеси во Македонија". На обуката беше направен преглед на законодавството во областа на животната средина, со акцент на застапеноста на принципите на Архуската Конвенција во него, но исто така беше даден осврт и на финансиските импликации од законодавство за животна средина;
- Обука за „Тематско вмрежување, градење партнерства и коалиции“ организирана од Македонски центар за меѓународна соработка во рамки на програмата Граѓански ресурсен центар;
- Онлајн обука за истражување и застапување засновано врз докази, организирана од EU TASCO 3

## 7. ВМРЕЖУВАЊЕ

**Вмрежување на локално и на меѓународно ниво**

- Мрежа за рурален развој на Република Македонија
- Здружение на лиценцирани енергетски контролори
- Forum Synergies
- ARC 2020
- Мрежа на еко села на Балканот (МЕБ)
- Балканска мрежа за застапување при управување со е-отпадот
- Коалиција „Натура 2000“
- Национална мрежа – „Климатски одговор“
- Avalon Network
- Коалиција – „Екологијата приоритет“
- Мрежа на иницијативи на граѓанските организации за животна средина

## 8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА

ЦеПроСАРД работи на креирање мрежа од актери во областите во кои работи на локално, регионално и меѓународно ниво. Таа вклучува владини институции, невладини организации, кооперативи, претставници од приватниот сектор и индивидуалци. Организацијата се стреми континуирано да ја проширува својата мрежа на партнери и соработници со цел заедничка акција кон постигнувањето на целите во областите на делување. Со цел заедничко делување во областа на одржливиот развој (со фокус на заштитата на животната средина, аерозагадувањето, енергетската ефикасност и климатските промени), ЦеПроСАРД соработуваше со општините Карпош, Шуто Оризари и Бутел, за инфраструктурни проекти, со општината Ѓорче Петров, Сопиште и Босилеград од Р. Србија.

Придонесот кон целите за одржлив развој на нашата организација е спомнат во Првиот годишен извештај - Voluntary National Review 2020, објавен во јуни оваа година од страна на Обединетите Нации. Придонесот е издвоен во имплементираниот проект “Зајакнување на образованието во средните технички училишта во Македонија преку воведување едукативни програми за целите за одржлив развој“ и публикацијата “Прирачник за имплементација на образование за одржлив развој во средните училишта со технички струки“.
Целосниот документ се наоѓа на следниот линк:
https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/26388VNR_2020_Macedonia_Report.pdf

Потпишување на Меморандум за соработка со ЗГ Центар за ресурси во животна средина – РЕЦ, Скопје во рамки на проектот „Чиста енергија за чист воздух”  (21)

# 9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА

Секторот за финансии администрација на ЦеПроСАРД се состои од 2 одделенија: одделение за финансиско управување и одделение за административни работи и човечки ресурси.

## 9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Одделението за административни работи и човечки ресурси во текот на 2020 година компетентно и со сопствени ресурси ги реализираше трите основни фуккции:
а) ги вршеше административните работи и архивското и канцелариско работење,
б) ги следеше јавните набавки и
в) го развиваше и одржуваше информатичкиот систем.

## 9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ

Одделението за финансиски работи продолжи да работи во ист состав како и во предходните години. Одделот освен што го подготвува и следи годишниот буџетот на Здружението, учествува и во подготовка на проектни апликации како и во изработка на буџети во рамки на проектните апликации.

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА ВО 2020 ГОДИНА**

| ОПИС | ИЗНОС |
|---|---|
| **АКТИВА (СРЕДСТВА)** | |
| АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | *723.390* |
| нематеријални | -- |
| материјални | 723.390 |
| – опрема | 723.390 |
| ВКУПНИ ПОСТОЈАНИ  СРЕДСТВА | 723.390 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ПРЕРСМЕТКОВНИ СМЕТКИ | *6.797.274* |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | 1.441.246 |
| – жиро сметка | 929.709 |
| – благајна | -- |
| – девизна сметка | 511.537 |
| КУПУВАЧИ | 1.997.980 |
| ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 2.000 |
| АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 3.356.048 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **7.520.664** |
| **ПАСИВА (ОБВРСКИ И КАПИТАЛ)** | |
| ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 723.390 |
| – деловен фонд | 723.390 |
| – ревалоризациона резерва | -- |
| ВКУПНИ ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 723.390 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 3.358.048 |
| – добавувачи | 312.250 |
| – обврски кон државата | 109.757 |
| – краткорочни финансиски обврски | 2.936.041 |
| – други краткорочни обврски | -- |
| – обврски за плати | -- |
| ВКУПНИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 3.358.048 |
| ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 3.439.226 |
| – дел од вишокот од приходите пренесени во наредната година | 1.441.246 |
| – други пасивни временски разграничувања | 1.997.980 |
| ВКУПНО ПАСИВНИ ВРЕМ. РАЗГРАНИЧУВАЊА | 3.439.226 |
| РЕЗЕРВЕН ФОНД | -- |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **7.520.664** |

**БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ВО 2020 ГОДИНА**

| **ПРИХОДИ** | **ИЗНОС** |
|---|---|
| ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ | 636.418 |
| ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ, ЧЛЕНАРИНИ И ДР. ИЗВОРИ | 11.920.911 |
| ДРУГИ ПРИХОДИ | -- |
| ВИШОК ПРИХОДИ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА | 531.837 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **13.089.166** |
| **РАСХОДИ** | **ИЗНОС** |
| МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 2.913.890 |
| ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ | 4.805.294 |
| ДРУГИ РАСХОДИ | 3.603.950 |
| СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА | 324.786 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **11.647.920** |
| **РАЗЛИКА МЕЃУ ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ** | **1.441.246** |
| **В К У П Н О** | **13.089.166** |


СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ
0%
4%
5%
91%
ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ
ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ, ЧЛЕНАРИНИ И ДР. ИЗВОРИ
ДРУГИ ПРИХОДИ
ВИШОК ПРИХОДИ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА


СТРУКТУРА НА РАСХОДИ
3%
25%
31%
41%
МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ
ДРУГИ РАСХОДИ
СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА